**2010056999**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 14 став 12 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07 и 86/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА, ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕТО, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА РАКУВАЊЕ СО ОРУЖЈЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ТЕХНИЧКОТО ЗНАЕЊЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ОРУЖЈЕТО И ПОЗНАВАЊЕТО НА ПРОПИСИТЕ ЗА ОРУЖЈЕ

Член 1

Во Правилникот за Програмата за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведувањето на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/05 и 135/08), Прилогот број 4 се заменува со нов Прилог број 4 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 141-22253/1
16 април 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

**Прилог број 4**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**Број ______________________**

**______________________година**

**___________________________**

Врз основа на член 22 од Правилникот за Програмата за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведувањето на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје, („Службен весник на Република Македонија“, бр. 83/05, 135/08 и _/_), комисијата формирана од министерот за внатрешни работи, издава

**У В Е Р Е Н И Е**

______________________________________,роден-а________________________

(име, татково име и презиме) (датум, место и држава на раѓање)

од________________улица_____________________број_______,ЕМБГ _____________

(живеалиште, престојувалиште)

на ден _____________ година, полагаше стучен испит за техничкото знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавањето на прописите за оружје и

**ГО ПОЛОЖИ СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ТЕХНИЧКОТО ЗНАЕЊЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ОРУЖЈЕТО И ПОЗНАВАЊЕТО НА ПРОПИСИТЕ ЗА ОРУЖЈЕ**

**М.П.** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА**

_____________________________